Документ за кодекс на однесување и работа на Здружение на граѓани за ретки болести ЖИВОТ СО ПРЕДИЗВИЦИ Битола

1. **ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКА**

Оваа политика ги поставува клучните принципи за кодексот на однесување на вработените во Здружението на граѓани со ретки болести ЖИВОТ СО ПРЕДИЗВИЦИ Битола, волонтерите, членовите на собранието и членовите на одборот (вклучените страни), во рамките на структурата, визијата и мисијата на здружението.

2. **ГЕНЕРАЛНО**

2.1 Сите вклучени страни секогаш ќе постапуваат со интегритет и треба да земат предвид и да разгледаат професионални совети за прашања за кои немаат соодветна експертиза.

2.2 Сите вклучени страни ќе го водат здружението за ревносно да ги постигне целите и визиите на здружението ЖСП.

2.3 Сите вклучени страни се одговорни за своите одлуки и за работата на здружението.

2.4 Освен кога се законски овластени, тие не смеат да добијат финансиска или друга материјална корист за себе, за нивните семејства или пријатели од нивната вклученост во здружението. Постојат јасни пишани политики за барање на патни и дневни трошоци.

2.5 Сите вклучени страни треба да се однесуваат на начин кој не го нарушува угледот на здружението или на персоналот, индивидуално или колективно, и не треба да учествуваат во ниедна активност што е во спротивнот со целите, или што може да го наруши угледот на здружението.

2.6 Сите вклучени страни мора да добијат согласност од претседателот / извршниот директор кога даваат официјална изјава или презентација во јавност во име на здружението.

2.7 Сите вклучени страни се запознаени со доверливи информации за финансиски, кадровски и останати прашања кои се однесуваат на здружението, донаторите или персоналот. Таквите доверливи информации не треба да ги откриваат никому.

2.8 Дневните одлуки ќе ги носат сите вклучени страни во рамките на нивната област на одговорност, меѓутоа, стратешките одлуки мора да се носат од извршниот одбор и претседателот. Употребата на гласање може да се користи таму каде што нема мнозинска одлука.

3. **ОДГОВОРНОСТИ**

3.1 Сите вклучени страни, со помош на претседателот, ќе ги формулираат и редовно ќе ги разгледуваат визијата, вредностите и долгорочната стратегија, како и политиките за нејзино исполнување.

3.2 Со помош на претседателот и соодветни професионални советници, каде што се смета дека е потребно, сите вклучени страни мора да се погрижат дека здружението е усогласено со регулаторните и законските барања. Претседателот е одговорен за целосната контрола врз финансиските работи за кои ќе има целосен извештај објавен на веб-страницата. Покрај усогласеноста со законските барања, сите вклучени страни ќе бидат посветени на развојот и имплементацијата на добрата практика.

3.3 Сите вклучени страни мора да се запознаени и редовно да го разгледуваат Статутот на Здружението. Секоја промена мора да се направи во согласност со Статутот на Здружението и законите во РСМ.

3.4 Со цел да развијат работно знаење за здружението и да си дадат кредибилитет, сите вклучени страни треба да настојуваат да ги одржуваат контактите.

4. **ЗАБРАНА ЗА ПРИВАТНА КОРИСТ[1] И ПРОЦЕДУРИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ**

4.1 Ниту еден член на вклучените страни нема да има личен профит или добивка, директно или индиректно, поради неговото или нејзиното работење во здружението. Сите вклучени страни ќе ги водат своите лични работи на начин на кој ќе избегнат било каков конфликт на интереси со нивните должности и одговорности. Сепак, одвреме-навреме може да се појави двојност на интерес[2].

4.2 Кога треба да се донесе одлука или да се одобри дејствување што ќе резултира со конфликт помеѓу најдобрите интереси на здружението и личните интереси на вклучената страна, вклучената страна има должност веднаш да го пријави конфликтот на интереси, така што останатите што ги носат одлуките ќе бидат информирани за конфликтот.

---

[1] Приватна корист значи дека поединците во здружението не смеат да добијат прекумерна компензација или корист од нивното вработување или здружување, затоа што таквите аранжмани би биле во спротивност со наводната мисија на здружението.

[2] Конфликт / двојност на интереси се дефинира како ситуација во која поединецот носител на одлуки има каква било пречка да биде непристрасен и лојален, како што се: 1) лична, професионална, деловна или волонтерска позиција, одговорност или интерес; или, 2) конфликтна должност кон друг ентитет каде верноста на поединецот може да биде поделена помеѓу две здруженија. Очигледен конфликт / двојност се дефинира како ситуација или однос што може да предизвика еден набљудувач да се запраша дали постои пречка за непристрасност.

4.3 Обврска на секоја вклучена страна е, во согласност со оваа политика, да обезбеди одлуките донесени од Извршниот одбор и претседателот да изразуваат независно размислување.

4.4 Секоја двојност на интерес, вклучително, но не ограничувајќи се на финансиските интереси, од страна на која било вклучена страна, ќе биде обелоденета кога предметот што одразува конфликт на интерес ќе стане предмет на дејствување, и преку годишна процедура за вклучените страни да обелоденат двојност на интерес.

4.5 Секоја вклучена страна која има конфликт на интереси нема да гласа или да го користи своето лично влијание за да се осврне на ова прашање, а тој или таа нема да се вбројува во одредувањето на кворум за состанокот.

4.6 Сите откриени конфликти ќе бидат забележани во записникот од состанокот на кој беше обелоденето, во кој исто така ќе се забележи дека вклучената страна со конфликт се воздржа од гласањето (и не беше присутна за дискусија, како што е применливо) и не беше вклучена во одредувањето на кворум за тој состанок.

4.7 Секоја нова вклучена страна ќе биде информирана за оваа политика за време на ориентацијата на одборот и сите вклучени страни ќе бидат потсетени на Кодексот на однесување и на процедурите за откривање на конфликти и за управување со конфликти на редовна основа.

4.8 Оваа политика ќе се применува и за потесното семејство на вклучената страна или за кое било лице кое дејствува во негово или нејзино име.

5. **ЗАБРАНА ЗА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ**

5.1 Здружението се стреми да одржува работна средина ослободена од незаконска дискриминација и вознемирување. Иако се забранети сите форми на вознемирување, политиката на здружението е да нагласи дека сексуалното вознемирување е конкретно забрането. Секоја вклучена страна која се впушта во дискриминаторско или вознемирувачко однесување кон друга вклучена страна, ќе биде предмет на отстранување од здружението. Жалбите за наводно недолично однесување од страна на вклучените страни ќе бидат истражени веднаш и колку што е можно подоверливо од страна на работна група.

6. **СОСТАНОЦИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР**

6.1 Членовите на одборот мора да присуствуваат на сите состаноци на Извршниот одбор (ИО), осигурувајќи се дека се подготвуваат и придонесуваат соодветно и ефективно. Доколку не

присуствуваат на три последователни состаноци на ИО без добра причина, го прекршуваат овој кодекс на однесување, кој уредно го потпишале, и од нив се бара да поднесат оставка.

6.2 Сите информации или материјали (се однесуваат на корисници, членови на персоналот, комерцијален бизнис итн.) доставени или дискутирани на состаноците на ИО мора да останат доверливи и во рамките на ИО и не смеат да се дискутираат надвор од ИО.

6.3 Членовите на ИО мора да покажат почит и учтиво однесување на сите состаноци.

7. **ПЕРСОНАЛ**

7.1 Членовите на ИО мора да се погрижат да има јасно разбирање за опсегот на овластувањата што му се доделени на претседателот.

7.2 Стратегиите договорени од страна на членовите на ИО треба да бидат изразени со јасни и практични термини, така што на претседателот и на персоналот одговорен за имплементирање на тие стратегии им е јасно што треба да прават. Упатствата дадени до претседателот и персоналот треба да доаѓаат од членовите на ИО како целина.

7.3 Директорите треба да постапуваат праведно и во согласност со добрите практики за вработување и со принципите за еднакви можности при донесувањето на одлуки кои влијаат на назначувањето, вработувањето, професионалниот развој, проценките, наградувањето и дисциплината на извршниот директор и другиот персонал

7.4 Членовите на ИО мора да ја разберат, прифатат и почитуваат разликата во улогите помеѓу ИО, претседателот и персоналот, осигурувајќи се дека сите тие работат ефективно и во кохезија за доброто на здружението и развиваат меѓусебна поддршка и лојална врска.

7.5 Откако ќе му дадат делегирани овластувања на претседателот, членовите на ИО треба да бидат внимателни, индивидуално и колективно, да не ги нарушуваат овластувањата со збор или дело.

8. **ДЕТАЛИ ЗА ДНЕВНИ ОДГОВОРНОСТИ НА ИО**

8.1 Членовите на ИО треба да бидат свесни за одржување на трошоците (општо) колку што е можно пониски. Треба да се обврзат да ги минимизираат трошоците врз кои имаат влијание (т.е. патни трошоци).

8.7 Членовите на ИО имаат законска обврска да обезбедат навремена документација кога од нив ќе биде побарано. Доколку тоа не се направи, може да дојде до казни за здружението, а позицијата на членовите на ИО ќе биде ревидирана во согласност со членовите на здружението.

Потпис и датум:

Октомври 2022